МАПАС

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# И з в е ш т а ј
# за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2006 година

**Скопје, мај 2007 година**

## Содржина

**I. Вовед**

**II. За Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

**III. Реализирани активности во извештајниот период**

- Донесени подзаконски и други акти
- Развој на деловните процеси на Агенцијата
- Изградба на информатичкиот капацитет на Агенцијата
- Супервизија на друштвата за управување со пензиски фондови
- Активности за информирање и едукација на јавноста во врска со реформата на пензискиот систем
- Статистичка анализа
- Учество на конференции и обука на стручниот кадар на Агенцијата
- Развој на човечките ресурси на Агенцијата
- Соработка на Агенцијата со институции и организации од земјата и странство

**IV. Други активности**

**V. Состојби во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување**

**VI. Оценка на работата на Агенцијата во 2006 година и планови за 2007 година**

# I. ВОВЕД

Измината 2006 година ја обележа почетокот на уплата на придонеси во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, односно во приватните пензиски фондови. За членовите на двостолбниот пензиски систем ова претставува почеток на периодот на акумулација на средства на нивните индивидуални сметки, уплатени по основ на задолжителен придонес за пензиско и инвалидско осигурување, кои средства остануваат и се оплодуваат на овие сметки до пензионирањето на осигуреникот. Додека пак за системот во целина, средствата на пензиските фондови претставуваат значаен потенцијал во зајакнување на моќта на инвестирањето и зголемено штедење на населението на долг рок.

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ја извршува својата функција преку комбинација на теренска и вонтеренска контрола на друштвата за управување со пензиски фондови и пензиските фондови. За таа цел Агенцијата имплементираше систем на автоматска вонтеренска супервизија со што се дава предност на проактивната интервенција и предвремено спречување на појавување на проблеми, во однос на преземањето на корективни активности по нивна идентификација. Изминатата година ја обележа и започнувањето на теренските контроли кои стручната служба на Агенцијата ги спроведе во двете друштва за управување со пензиски фондови и тоа контрола на работењето на друштвото (институционална контрола) и контрола на работењето со средствата на пензискиот фонд (финансиска контрола).

Во функција на ефикасна вонтеренска супервизија на дневна основа, во текот на 2006 година, Агенцијата работеше на финализирање, унапредување и прилагодување на деловните процеси согласно потребите и барањата на сите институции вклучени во системот на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Ова се постигна преку усогласување со софтверските модули на сите институции, надминување на тековните проблеми и проблемите воочени во практика или обезбедување поголема ефикасност на постојните решенија. Деловните процеси на Агенцијата се поддржани со најсовремени софтверски и хардверски решенија што придонесуваат кон брзината на реакцијата на Агенцијата и непречено следење на секоја промена која настанува во системот на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Во делот на законската обврска за јакнење на свеста на јавноста за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување Агенцијата имаше активно учество во јавната кампања на Министерството за труд и социјална политика. Целна група на кампањата беа потенцијалните членови на пензиските фондови, односно лицата кои по прв пат се вработиле во 2006 година и се задолжителни членови на двостолбниот пензиски систем, како и оние лица кои во периодот од септември 2005 година до 2006 година биле невработени, а кои во 2006 година повторно се вработиле и можат да се зачленат во еден од пензиските фондови.

Од аспект на системот во целина, и оваа година беше особено активна, главно на полето на донесување на потребните подзаконски и други акти кои ја зајакнуваат капитално финансираната компонента на пензискиот систем и создаваат стабилна и добро регулирана средина.

## II. *За Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување*

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување е основана заради вршење супервизија на работењето на друштвата за управување со пензиски фондови и на пензиските фондови. Нејзина цел е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови и поттикнување на развојот на капитално финансираното пензиско осигурување. Агенцијата е регулаторно тело во капитално финансираното пензиско осигурување.

За својата работа Агенцијата одговара пред Владата на Република Македонија. Министерството за труд и социјална политика врши надзор над законитоста на работењето на Агенцијата, додека Државниот завод за ревизија на Република Македонија врши ревизија на нејзиното работење.

Органи на Агенцијата се Управниот одбор и директорот. Директорот на Агенцијата има заменик на директорот.

Управниот одбор на Агенцијата е составен од пет члена именувани од Владата на Република Македонија. Мандатот на членовите на Управниот одбор трае седум години, во првиот мандат на конституирање на управниот одбор два члена се именуваат на три години, два на пет години и еден на седум години.

### II.2 *Организациона шема на Агенцијата:*




Кадровската структура на Агенцијата во 2006 година ја сочинуваа 8 редовно вработени и 8 договорно ангажирани лица. Во Агенцијата во 2006 година работеа најмногу економисти и тоа вкупно осум, тројца електоинженери од кои еден овластен актуар, двајца правници, еден математичар со положен испит за стекнување лиценца за овластен актуар, еден јазичар и еден економски асистент. Инаку, согласно предвидената динамика на вработувања во 2006 година беше

предвидено во Агенцијата да работат 18 редовно вработени лица. Иако оваа динамика не се оствари вработените во Агенцијата вложија максимални напори успешно и навремено да ги остварат зацртаните задачи за 2006 година.

### II.3 *Начин на финансирање на Агенцијата*

Работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување согласно член 56 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004 и 113/2005) се финансира од надоместоци наведени во овој став, кои Агенцијата ги наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови. Во ставот (4) од истиот член на Законот е пропишано дека висината на наведените надоместоци ја утврдува Агенцијата на која согласност дава Владата на Република Македонија и истите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија". Како основен надоместок преку кој се финансира работењето на Агенцијата во Законот е дефиниран месечниот надомест што од вкупните придонеси Агенцијата го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови и тоа во максимален износ од 2.5%. Секоја година Агенцијата врз основа на пресметките за потребните средства за следната година и проекциите на членови и очекувани придонеси во вториот столб носи одлука за месечниот надомест кој ќе го наплаќа во следната година од друштвата. Од проекциите на буџетите на Агенцијата за периодот 2006 - 2015 година, објавени во *Одлуката за висина на месечениот надомест кој Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови и надоместоци за организирање на испити и давање дозволи на агенти и нивно запишување во регистарот на агенти бр. 02-315/1 од 18.11.2004 година*, произлегоа годишните надоместоците чиј просек е 1,86%, во кои е содржан надоместокот за 2006 година кој изнесува 1.50%. Во изготвување на проекциите на буџетите за наведените години, беа земени во предвид трошоците за одржување на информатичкиот систем, трошоци за материјали, човечки ресурси и други трошоци неопходни за работење на Агенцијата. При тоа се имаше во предвид помошта на државата со информатичко опремување на Агенцијата и други компоненти потребни за нејзино функционирање преку заемите одобрени од Светска банка.

Покрај овој надоместок, согласно овластувањата во Законот, Агенцијата од друштвата за управување со пензиски фондови наплаќа и други надоместоци кои се специфични за нејзината работа или со кои се покриваат административните трошоци за спроведување на определени постапки или давање специфични услуги. Овие надоместоци се еднократни или повремени и ги подразбираат следните:

- дозвола за основање на друштво за управување со пензиски фондови;
- одобрение за управување со пензиски фонд;
- организирање на испити и давање дозвола на агенти;
- организирање на испити и давање на дозволи на агенти за лице кое повторно полага испит поради претходно бришење од Регистерот на агенти;
- запишување во регистерот на агенти;
- корекција на договор за членство;
- внес на договор за членство во информациониот систем на Агенцијата;

- поништување регистрирација на член во Регистарот на членови;
- годишна обнова на упис во Регистарот на агенти;
- присуство на семинари и обуки за едукација за капитално финансирано пензиско осигурување во висина определена во зависност од реалните трошоци на семинарот или обуката;
- барање, молба, предлог, пријава и други поднесоци;
- поднесување жалба на решение;
- спроведување на постапка за давање согласност на договорот склучен меѓу друштвото за управување со пензиски фондови и посредник за тргување со хартии од; спроведување на постапка за давање согласност на промена на статутот на друштвото за управување со пензиски фондови или на пензискиот фонд;
- спроведување на постапка за давање согласност на промена на сопственичката структура на друштвото за управување со пензиски фондови; извршена контрола во друштво за управување со пензиски фондови, доколку при конторолата се утврдат одредени посуштински неправилности од поголем обем и
- надоместок за пристап кон информациониот систем на Агенцијата

Овие надоместоци се уредени со Одлука бр. 02-618/9 од 21.06.2006 година. Надоместоците наведени во оваа одлука се добиени врз основа на истражувања и споредби направени на надоместоците кои ги наплатуваат Комисијата за хартии од вредност и Народната банка на Република Македонија како супервизорски институции во Република Македонија, како и надоместоци кои ги наплатуваат Комисијата за финансов надзор од Република Бугарија и Агенцијата за супервизија на пензиски фондови од Хрватска. Исто така беа земени во предвид одредбите на Законот за административни такси. Врз основа на овие истражувања и согледувања за споредбени надоместоци беше донесена одлука за видот на надоместоците и висината на надоместоците. Некои од надоместоците се однесуваат за активности кои се специфични за Агенцијата, поради што не може да се направи соодветна споредба. Од друга страна пак, постојат одреден број на надоместоци кои ги наплаќаат супервизорските институции во земјата и странство, а кои Агенцијата не предвидува да ги наплаќа.

Изминатата 2006 година ја обележа и почетокот на целосно самофинасирање на Агенцијата. Имено од своето основање па се до крајот на 2005 година и Агенцијата во целост се финансираше од Буџетот на РМ. Започнувањето на приливиот на придонесите во вториот столб за Агенцијата значеше и почеток на наплаќање на законски утврдениот надоместок од 1.5% со кој го финансира своето работење. Во првите шест месеци на 2006 година, Агенцијата од Буџетот на РМ користеше средства исклучиво за плати и договори за дело, додека од втората половина на година премина кон целосно самофинансирање на сите активности.

Со цел рационализација на трошоците во вториот столб, Агенцијата го преиспита и намали својот надомест за 2007 година и тоа од предвидениот 1.74% на 1.5%. На Одлуката на Управниот одбор на Агенцијата за месечниот надоместок за 2007 година, добиена е согласност од Владата на Република Македонија и истата е објавена во “Службен весник на Република Македонија”. Во рамките на бараните проекции од страна на Министерството за финансии за буџетот за 2008 и 2009 година, Агенцијата предвиде и за овие две години помали надоместоци од проектираните во гореспоменатата одлука, аналогно на намалувањето во 2007

година. Имено, Агенцијата предвиде намалување на висината на надоместокот за 2008 година од 2.02% на 1.70%, а за 2009 година од 2.26% на 1.90%.

## *II. 4 За финансиското работење на Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2006 година*

Во текот на 2006 година Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во најголем дел своите активности ги финансираше од сопствени приходи и делумно од средства обезбедени од Буџетот на РМ. Имено, до крајот на првата половина од годината од средствата доделени во Буџетот на Република Македонија се финансираа расходите за плати и придонеси, договори за дело и закупнина на деловен простор. Во втората половина на 2006 година, Агенцијата целосно се финансираше од сопствени приходи од надоместоци кои согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ги наплаќа од друштвата за управување со пензиски фондови. Вкупниот износ на средства доделени од Буџетот на РМ изнесува 5.149.000,00, а реализацијата изнесува 5.064.008,00 односно 98.34%. Од самофинансирачки активности Агенцијата остварила вкупно приход во износ од 19.653.185,00, од кои 1.962.003,50 се префрлени од 2005 година, како остаток од приходи реализирани по основ на наплаќање надомест за полагање на испит за стекнување својство агент и регистрација на агенти. Од сопствените приходи во 2006 година Агенцијата финансирала расходи во вкупен износ од 7.889.408,00, односно остварила процент на реализиација од 40.14%.

*Табела 1. Збирен приказ на приходи и расходи во 2005 и 2006 година*

| ***Приходи*** | ***2005*** | ***2006*** |
|---|---|---|
| 1. Средства од Буџет на РМ | 15.043.000,00 | 5.149.000,00 |
| 2. Сопствени | 2.812.591,50 | 19.653.185,00 |
| ***Вкупно приходи*** | **17.855.591,50** | **24.802.185,00** |
| | | |
| ***Расходи*** | | |
| 1. Преотстапени средства на МТСП | 3.185.522,00 | |
| 2. Од Буџет | 11.290.354.00 | 5.064.008,00 |
| 3. Од сопствени приходи | 850.588,00 | 7.889.408,00 |
| ***Вкупно расходи*** | **15.326.464,00** | **12.953.416,00** |
| | | |
| ***Разлика*** | | |
| 1. Вратени средства во Буџет на РМ | **567.124,00** | **84992,00** |
| 2. Пренесени средства во 2007 година | **1.962.003,50** | **11.763.777,00** |

Во табела 2 и 3 е дадена структурна анализа по расходни конта на планираните, реализираните и нереализираните расходи од буџетската сметка и од сметката за самофинасирачки активности во 2006 година:

*Табела 2. Расходи од буџетска сметка (план, реализирано, нереализирани)*

| Конто | Опис | План | Реализирано | Нереализирано |
|---|---|---|---|---|
| **401** | ***Основни плати и надоместоци*** | **1.510.000,00** | **1.475.866,00** | **34.134,00** |
| 401110 | Основни плати - функционери | | 390320,00 | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | | 741282,00 | |
| 401310 | Надомест за превоз до и од работното место | | 47367,00 | |
| 401320 | Надомест за храна | | 123350,00 | |
| 401510 | Персонален данок на доход од плата | | 173547,00 | |
| **402** | ***Придонеси за социјално осигурување*** | **667.000,00** | **624.216,00** | **42.784,00** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | | 407186,00 | |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | | 168183,00 | |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | | 9604,00 | |
| 402310 | Основни продонеси до Заводот за вработување | | 39243,00 | |
| **403** | ***Останати придонеси од плати*** | **5000,00** | **3836,00** | **1164** |
| **425** | ***Договорни услуги*** | **2.967.000,00** | **2.960.090,50** | **6909,50** |
| 425110 | Канцелариски простор | | 1178158.50 | |
| 425130 | Друг тип на простор | | 9000,00 | |
| 425190 | Друга опрема и опрема за специјални намени | | 116340,00 | |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | | 11021,00 | |
| 425990 | Други договорни услуги | | 1638708,00 | |
| | **ВКУПНО** | **5.149.000,00** | **5.064.008,00** | **84991,5** |

*Табела 3.Расходи од самофинасирачки активности(план, реализирано, нереализирани)*

| Конто | *Опис* | План | Реализирано | Нереализирано |
|---|---|---|---|---|
| **401** | ***Основни плати и надоместоци*** | **5.146.000,00** | **1.608.214,00** | **3.537.786,00** |
| **401110** | Основни плати -функционери | | 393228,00 | |
| **401130** | Основни плати - други вработени | | 885312,00 | |
| **401310** | Надомест за превоз до и од работното место | | 34454,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **401320** | Надомест за храна | | 88051,00 | |
| **401510** | Персонален данок на доход од плата | | 207169,00 | |
| **402** | ***Придонеси за социјално осигурување*** | **2.313.000,00** | **707.458,00** | **1.606.542,00** |
| **402110** | Основни придонеси за ПИО | | 460832,00 | |
| **402210** | Основни придонеси за здравство | | 200984,00 | |
| **402220** | Основен придонес за професионално заболување | | 10866,00 | |
| **402310** | Основни продонеси до Заводот за вработување | | 34776,00 | |
| **403** | ***Останати придонеси од плати*** | **18.000,00** | **4.347,00** | **13.653,00** |
| **420** | ***Патни расходи*** | **1.439.000** | **335.509,00** | **1103491,00** |
| **420110** | Патување во земјата - хранарина (дневница | | 13680,00 | |
| **420120** | Патување во земјата - патни расходи | | 40094,00 | |
| **420130** | Патување во земјата - сместување | | 40474,00 | |
| **420140** | Патување во земјата - споредни расходи | | | |
| **420210** | Патување во странство - хранарина (дневница) | | 70258,00 | |
| **420220** | Патување во странство - патни расходи | | 141626,00 | |
| **420230** | Патување во странство - сместување | | 26377,50 | |
| **420240** | Патување во странство - споредни расходи | | 3000,00 | |
| **421** | ***Комунални услуги*** | **1.963.000,00** | **1.159.038,00** | **803962,00** |
| **421110** | Електрична енергија | | 347618,00 | |
| **421320** | Телефон и телефакс | | 730546,00 | |
| **421410** | Трошоци за гориво | | 23199,00 | |
| **421420** | Регистрација на моторни возила | | 3670,00 | |
| **421440** | Транспорт на луѓе | | 54.05,00 | |
| **423** | ***Материјали и алати*** | **422.000,00** | **268.882,00** | **153118,00** |
| **423110** | Канцелариски материјали | | 231792,00 | |
| **423120** | Списанија; весници и други изданија за користење | | 37030,00 | |
| **424** | ***Поправки и одржување*** | **150.000,00** | **55.445,00** | **94.555,00** |
| **424110** | Поправки и одржување на лесни возила | | 14967,00 | |
| **424410** | Поправки и одржување на мебел | | 1845,00 | |
| **424420** | Поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема | | 26753,00 | |
| **424430** | Поправки и одржување на опрема | | 11880,00 | |
| **425** | ***Договорни услуги*** | **4.926.000,00** | **3.050.195,00** | **1.877.871,00** |
| **425110** | Канцелариски простор | | 1566623,00 | |
| **425130** | Друг тип на простор | | 6000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **425220** | Банкарска провизија | | 1.77,00 | |
| **425920** | Услуги за копирање, печатење и издавање | | 21060,00 | |
| **425990** | Други договорни услуги | | 1454535,00 | |
| **426** | ***Други тековни расходи*** | **820.000,00** | **559.756,00** | **226.855,00** |
| **426210** | Расходи за репрезентација | | 224767,00 | |
| **426990** | Други оперативни расходи | | 334989,00 | |
| **483** | ***Купување на мебел и канцелариска опрема*** | **247.000,00** | **140.624,00** | **106376,00** |
| **483210** | Купување на канцелариска опрема | | | |
| **483240** | Купување на информатичка и видео опрема | | 74799,000 | |
| **483250** | Купување на кујнска опрема | | | |
| **483260** | Купување на клима уреди | | 35800,00 | |
| **483290** | Купување на друга опрема | | 30025,00 | |
| | ***ВКУПНО*** | **18.624.478,00** | **7.889.408,00** | **10.735.070,00** |
| | Нераспределени приходи | 1.028.707,00 | | |

Приходите во 2005 година се реализирани по основ на наплаќање надомест за полагање на испит за стекнување својство агент и регистрација на агенти во износ од 2.812.591,50 денари од кои расходите на оваа сметка изнесуваа 850.588.,0 денари. Нерализираните приходи на оваа сметка се префрлени во 2006 година, а кои Агенцијата, во првата половина на 2006 година ги користеше за сите останати расходи освен за плати и придонеси, договори за дело и закупнина на деловен простор кои беа покриени од Буџетот на РМ.

Приходите кои се реализирани од самофинасирачки активности, а не се расходувани во 2006 година во износ од **11.763.777,00** се префрлаат во 2007 година. Овој остаток во голема мера се должи на недобивањето согласност за редовно вработување на договорно ангажираноте лица. Имено, буџетот на Агенцијата за 2006 година беше планиран со 18 редовно вработени што би значело поголеми расходи за плати и придонеси во однос на расходите за договор за дело. Имајќи во предвид дека Агенцијата ја заврши 2006 година со истиот број на вработени со кои и ја започна (9), голем дел од планираните расходи за плати и придонеси не се реализираа.

Овој остаток на средства, остварени од самофинансирачки активности на Агенцијата, кои за Агенцијата, како единка буџетски корисник, се на располагање исклучиво како строго наменски средства, даваат можност за нивно распределување во следните 3 години (2008, 2009, 2010) на начин кој ќе обезбеди помал надоместок од планираниот, а воедно и на Агенцијата ќе и овозможи реализација на на планиранитре расходи. Тоа значи дека системот ќе може да смета на намалени трошоци во поглед на Агенцијата, а од друга страна ова намалување нема да биде на штета на нормалното работење на Агенцијата. На овој начин, развојната компонента на Агенцијата се одлага за понатамошен период поради алоцирање на остатокот на средства заради приоритетна потреба за намалување на трошоците на системот.

Треба да се има во предвид дека во вкупниот буџет на Агенцијата најголемо учество има ставката за плати и придонеси од плати и доколку не се реализира планираниот број на вработени во наредните години може да дојде до слична појава како во 2006 година односно вишок на приходи во однос на расходи.

## III. Реализирани активности во извештајниот период

### III.1 Донесени подзаконски и други акти

Во текот на 2006 година беа донесени следните подзаконски акти, други акти и упатства:

1. Правилник за начин и постапка за избор на домашни брокерски куќи од страна на друштвата за управување со пензиски фондови;
2. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за инвестирање на средствата на пензиските фондови;
3. Правилник за проценка на средствата на пензиските фондови (поради значајни промени се носи нов правилник);
4. Правилник за постапката за повлекување и укинување на одобрение за управување со пензиски фонд;
5. Правилник за постапката за управување со пензискиот фонд по повлекување или укинување на одобрението за управување со пензиски фонд на друштвото за управување со пензиски фондови;
6. Одлука за утврдување на процентот на ликвидни средства кај друштвото за управување со пензиски фондови;
7. Одлука за ограничување на вложувањата во одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во член 107 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;
8. Одлука за висината на месечниот надомест што Агенцијата го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови за 2007 година;
9. Одлука за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од друштво за управување со пензиски фондови;
10. Стручно упатство за начинот на пресметка на задолжителните ликвидни средства;
11. Кодекс на професионална етика на вработените во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување;
12. Правилник за плати, надоместоци на платите и други примања на вработените во Стручната служба на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување;
13. Правилник за користење на одмори и отсуства на вработените во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување;

14. Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на функционерите во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Во текот на 2006 година претставници на Агенцијата учествуваа и во иницијативите за измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

## III. 2 Развој на деловните процеси и софтверската апликација

Во текот на 2006 година Агенцијата работеше на финализирање, унапредување и прилагодување на деловните процеси согласно потребите и барањата на сите институции вклучени во системот на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (друштвата за управување со пензиски фондови, Фондот на ПИОМ и Народната банка на Република Македонија како чувар на имотот на пензиските фондови), со надминување на тековните проблеми и проблемите воочени во практика или обезбедување поголема ефикасност на постојните решенија.

Деловните процеси на кои се работеше во текот на 2006 година, а чиј развој започна и во најголем дел беше направен во текот на 2005 година, се следните:

- Процес на контрола на надоместоците што ќе ги наплатуваат друштвата за управување со пензиски фондови
- Процес на контрола на инвестициските активности и проценката на вредноста на средствата на пензиските фондови
- Процес на контрола на сметководството и финансиските извештаи на пензиските фондови и друштвата за управување со пензиски фондови
- Процес на контрола на премин и пренос на средства од еден во друг пензиски фонд или враќање во Фондот на ПИОМ
- Процес на контрола на исплатата на пензиите
- Статистичко и аналитичко известување

Паралелно со измените во деловните процеси, се вршеа соодветни дополнувања и измени на софтверските решенија/модули за соодветниот деловен процес. Нивниот развој беше овозможен преку соработката на тимот на Агенцијата со тимот на софтверската компанија одбрана за реализација на оваа задача преку заемот на Светската банка за имплементација на социјалната заштита - СПИЛ.

Во текот на првата половина од 2006 година се работеше на финализирање, во смисла на тестирање и имплементација на софтверските решенија за делот од деловните процеси кои преостанаа од минатата година, така што заклучно со месец јуни беа комплетирани сите деловни процеси. Од страна на софтверската куќа која ги развиваше софтверските решенија беше извршена соодветна обука на крајните корисници - вработени во Агенцијата, соодветно по модули, со цел добро познавање и правилно користење на системот.

Во текот на 2006 година се работеше и на прецизирање на начинот на техничко вклучување во вкупните деловни процеси на друштвата за управување со пензиски фондови, Фондот на ПИОМ и Народната банка на Република Македонија како чувар на имотот на пензиските фондови.

Во врска со размената на податоци со друштвата за управување со пензиски фондови најголем акцент беше ставен на размената на податоците поврзани со преносот на средствата меѓу фондовите и Фондот на ПИОМ, инвестирањето на средствата и проценката на вредноста на средствата.

Во текот на 2006 година продолжи соработката со Фондот на ПИОМ во сферата на усогласувањето на деловните процеси поврзани со распределбата на придонесот, повратот на придонеси од пензиските фондови во Фондот на ПИОМ во случај на раскинување на договор за членство и други случаи, исплатата на пензиите итн.

Во оваа година се работеше и на дефинирање на податоците кои ќе се разменуваат помеѓу Народната банка на Република Македонија како чувар на имот и Агенцијата.

Во текот на 2006 година беше извршено креирање, инсталација и тестирање на апликативен кориснички и клиентски софтвер за дигиталното потпишување на датотеките за размена.

### III.3 Изградба на информатичкиот капацитет на Агенцијата

Со средства од заемот СПИЛ во текот на 2006 година се финализираше набавката на компјутерска опрема и интернет линија за потребите на Агенцијата.

Заради поголема заштита беше извршена замена на безбедносната заштита на системот од виртуелна приватна мрежа во криптирање на јавна мрежа со сигурен протокол. Агенцијата користи изнајмена линија за пристап на интернет и пристап на останатите институции до системот на Агенцијата. Добавувачот на изнајмената линија беше избран по пат на национален тендер реализиран преку СПИЛ заемот. Оваа набавка овозможи соодветен пристап до системот на Агенцијата од страна на инволвираните институции во вториот пензиски столб преку јавната Интернет мрежа преку врска со прецизно димензиониран капацитет кој овозможува непречено одвивање на деловните процеси на Агенцијата и контрола на друштвата за управување со пензиски фондови.

По пат на меѓународен тендер реализиран преку СПИЛ заемот, беше избран најповолен понудувач за доставување на преостанатиот дел од компјутерската опрема заедно со софтверските лиценци. Опремата беше доставена и инсталирана до крајот на месец август и постоечката апликација со бизнис модулите беше мигрирана на системот на Агенцијата во септември 2006 година. Со набавката на компјутерска опрема Агенцијата го доопреми својот компјутерски систем со потребните сервери, податочен и апликативен, како и сервер за чување на информациите кои се од големо значење за работата на Агенцијата. Во опремата, покрај серверските машини, влегуваат и уреди за архивирање и заштита на податоците, лиценци за оперативниот систем и за системот за управување со бази на податоци, како и персонални компјутери за вработените во Агенцијата. Од страна на избраниот понудувач беше доставена корисничката и техничката документација на системот во целина.

ИТ одделението на Агенцијата изготви Backup стратегија за ИТ системот на Агенцијата според која еднаш неделено се извршува правење на заштитни копии на податоците од целокупниот систем кој го користат и остнатите институции, периодична заштита на податоците на персоналните компјутери на вработените во Агенцијата.

## *III. 4* Супервизија на друштвата за управување со пензиски фондови

*Вонтеренска супервизија*

Во текот на цела 2006 година се вршеше континуирана вонтеренска контрола на работењето на друштвата за управување со пензиски фондови врз база на извештаи и информации доставени од друштвата и останатите институции вклучени во системот: Фондот на ПИОМ и Народна банка на Република Македонија. Предмет на контрола беа следниве области:

- Контрола на процесите на маркетинг на друштвата – проверка и одобрувања на маркетинг материјали, активности на друштвата каде се застапени работи на маркетинг и работењето на агентите.
- Контрола на зачленувањето во приватните пензиски фондови – начинот на склучување на договори за членство, постапувањето по поднесоци за раскинување на договорите
- Контрола на распределбата на придонесите на индивидуалните сметки на членовите во приватните пензиски фондови – на дневна основа, проактивно
- Контрола на надоместоците што ги наплатуваат друштвата за управување со пензиски фондови – на дневна основа, проактивно
- Контрола на инвестиционите активности - склучени трансакции: цена, количина, пазар на кој е склучена трансакцијата, посредник, посредничка провизија – на дневна основа, за склучените трансакции во текот на претходниот работен ден
- Контрола на проценката на средствата и обврските на пензиските фондови- на дневна основа за состојбата на претходниот работен ден
- Контрола на пресметка на вредноста на сметководствената единица, бројот на сметководствени единици и вредноста на нето средствата на пензискиот фонд - на дневна основа за состојбата на претходниот работен ден
- Контрола на сметководството и финансиските извештаи на пензиските фондови и друштвата за управување со пензиски фондови - на квартална основа
- Контрола на премин меѓу пензиските фондови – премин од еден во друг пензиски фонд од посебна на индивидуална сметка, премин од еден во друг пензиски фонд или во Фондот на ПИОМ поради раскинување на договор за членство - на дневна основа, при настанување, проактивно

При контролите беа откривани помали грешки и неправилности, чија причина за настанување беше усогласување на софтверските решенија, но земајќи го во предвид фактот дека контролата е проактивна, грешките беа веднаш исправувани. Немаше изречени решенија за отстранување на неправилности и мерки.

*Теренска супервизија*

Во текот на 2006 година се работеше и на развивање на дизајнот на процесот за теренска супервизија: дефинирање на опфат, изработка на прирачници, процедури и обука на вработените на Агенцијата.

Редовната теренската супервизија во 2006 година го опфати работењето на друштвата за управување со пензиски фондови во претходната 2005 година и до датумот на супервизијата во 2006 година. Бидејќи 2006 година е прва година од работењето на пензиските фондови се контролираше нивното работење во тековната година. Беа направени по 2 теренски супервизии во двете друштва и тоа контрола на работењето на друштвото (институционална контрола) и контрола на работењето со средствата на пензискиот фонд (финансиска контрола).

Контролата на работењето на друштвата за управување со пензиски фондови, како дел од редовните годишни контроли на Агенцијата се одвиваше во текот на мај 2006 година во работните простории на „КБ Прво пензиско друштво за управување со пензиски фондови" АД Скопје и во работните простории на „Друштво за управување со пензиски фондови НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД" АД Скопје.

Контролата ги вклучи следните аспекти на работењето на друштвото:

- Организациската структура и организацијата на работењето на друштвото;
- Техничките елементи на договорот склучен со софтверската куќа; и
- Финансиското работење на друштвото

При контролите, тимот за контрола забележа одредени неправилности за кои изрече едно решение за отстранување на неправилности за КБ Прво друштво за управување со пензиски фондови.

Во ноември се изврши непосредно контрола на работењето на пензиските фондови во работните простории на „КБ Прво пензиско друштво за управување со пензиски фондови" АД Скопје, а во текот на декември во работните простории на „Друштво за управување со пензиски фондови НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД" АД Скопје.

Контролата  на работењето на пензиските фондови ги опфати следните области:

- Контрола на инвестиционите активности;
- Контрола на почитувањето на забраната за купување/продавање на средствата на пензискиот фонд од/на поврзани лица на друштвото;
- Контрола на водење на сметководството и изработка на финансиските извештаи на пензискиот фонд, контрола на забраната за давање на заеми и гаранции од средствата на пензискиот фонд и контрола на дозволениот процент на задолжување од името и за сметка на пензискиот фонд исклучиво заради подобрување на ликвидноста на пензискиот фонд;
- Следење на исполнувањето на обврските кои произлегуваат од договорот кој друштвото го склучило за чување на средствата на пензискиот фонд;
- Оценка на системот на интерни контроли и интерна ревизија;
- Контрола на индивидуалните сметки на членовите на пензискиот фонд.

Контролата беше извршена преку увид во дел од документацијата на фондот и преку интервјуирање на претставници од друштвото.

Со оглед на фактот што контролата беше извршена на крајот на 2006 година, мерките за откриените неправилности и незаконистости се преземаат во 2007 година.

*<u>Контрола на маркетингот на друштвата за управување со пензиски фондови и постапување по поплаки</u>*

Во рамките на своите надлежности, Агенцијата вршеше континуирана контрола на работите на маркетинг на друштвата за управување со пензиски фондови. Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата ги одобрува сите маркетинг материјали на друштвата пред нивното објавување, со што превентивно делува во правец на фер и објективно информирање на јавноста. Во текот на целиот период на зачленувањето во вториот столб Агенцијата ги следеше друштвата и даваше забелешки и коментари на материјалите за маркетинг. Агенцијата го следеше објавувањето и емитувањето на рекламниот материјал, интервјуата и изјавите на одговорните лица на друштвата, како и настаните што ги организираа друштвата. Беа издадени над 30 одобренија за употреба на маркетинг материјали, меѓу кои брошури, рекламни ливчиња, огласи во дневниот печат, Веб страни и нивни измени итн. Агенцијата издаде еден налог за измена на Веб страна, еден налог за објава на појаснување за дадена изјава од страна на одговорно лице на друштвото и едно решение за запирање на маркетинг материјал.

Во месец март 2006 година, Агенцијата формираше Работна група за разгледување на жалби, поплаки и други поднесоци. Работната група редовно одржува состаноци и му предлага на директорот на Агенцијата, преземање конкретни активности и мерки. Поплаки во смисла на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување се: молби, пријави, претставки, предлози, ургенции, приговори и други поднесоци со кои подносителите се обраќаат до Агенцијата. Подносител на поплака може да биде: поранешен, сегашен или иден член на пензиски фонд и други лица доколку сметаат дека се повредени нивните права.

Во текот на 2006 година, Агенцијата водеше постапки по поплаки од: осигуреници, членови на пензиски фонд, агенти и друштва. Во најголем дел водени се постапки за поединечни активности на друштвата кои не се во согласност со Законот и подзаконските акти; активности на маркетинг на агентите кои се надвор од нивните овластувања и воопшто за повреда на правата и интересите на осигурениците и членовите на пензиските фондови.

Со цел заштита на интересите на членовите на пензиските фондови, Агенцијата, во текот на 2006 година, продолжи со обраќање до осигурениците за кои беше оценето дека нивната одлука за зачленување во приватен пензиски фонд треба да се преиспита. Се работи за околу 2000 осигуреници кои склучиле договори за членство во вториот столб, а имаат над 15 години работен стаж или се на возраст над 50 години (мажи) и 45 години (жени). Целта на ова обраќање беше да се преиспита нивната информираност во врска со карактеристиките на реформираниот пензиски систем и подетално да им се објаснат факторите кои влијаат на одлуката за влез во новиот систем, особено очекуваната пензија пресметана со калкулаторот на Агенцијата. Од овие обраќања произлегоа повеќе барања за раскинување на договори за членство поради неисплатливоста на членовите да преминат во системот со два столба, за што не биле соодветно информирани од страна на агентите на друштвата. За барањата на лицата, на кои повеќе им се исплати да останат во системот со еден столб според пресметките на Агенцијата, беа донесени решенија за бришење на 191 член од Регистарот на членови во вториот столб. Како резултат на ваквите постапувања односно поради давање неточни информации на осигуреници и неправилности во начинот и формата на склучување на договори за членство од Регистарот на агенти се избришани 111 агенти од кои 104 агенти кои склучиле договор со овие лица.

При контролата на работите на маркетинг на друштвата беа преземени следните мерки:

| МЕРКИ | КБППД | НПФ | ВКУПНО | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| Опомена | 5 | 5 | 10 | Во најголем дел поради непочитување на законските одредби поврзани со работите на маркетинг на друштвата |
| Налог за запирање на објавени интервјуа, изјави и неодобрени маркетинг материјали | 1 | 2 | 3 | 1 налог се однесува на дадени изјави/ интервјуа од одговорно лица на друштвата; 2 налози за промена на Веб страна |
| Решение за запирање на маркетинг материјал | 0 | 1 | 1 | Поради употреба на неодобрен маркетинг материјал |
| Решение за бришење на агент од регистарот на агенти | 11 | 8 | 19 | Избришани се 111 агенти од Регистарот на агенти |
| Решение за отстранување на неправилности и незаконитости | 5 | 2 | 7 | Поради неправилности при зачленување и поради погрешно информирање на времено распределените членови |
| Решение за бришење на член | 13 | 12 | 25 | Избришани се 203 члена од Регистарот на членови |
| Барање за поведување на прекршочна постапка | 10 | 15 | 25 | 15 барања против агенти; 4 против друштво; 2 против друштвото и генералните директори; 2 против физички лица; 1 против друштво и 2 агента и 1 против генерален директор |
| Барање за поведување на кривична постапка | 0 | 2 | 2 | 2 барања против агенти на друштвото |

***Активности за намалување на надоместоците кои ги наплаќаат друштвата за управување со пензиски фондови***

Во втората половина на 2006 година Агенцијата презеде интензивни активности со друштвата за управување со пензиски фондови во врска со преиспитување на трошоците и надоместоците кои ги наплатуваат инволвираните институции за извршување на функциите за вториот столб, врз основа на реалните состојби, со можност за нивно намалување.

Понатаму, Агенцијата изготви и достави до друштвата и вклучените институции нови проценките на бројот на членовите и износот на придонесите, согласно најновите макроекономски индикатори од Националната стратегија и намалувањето на придонесите поради рамниот данок, како и анализа и проценка на нивните приходи, трошоци и надоместоци изработена од странскиот консултант Мич Винер, ангажиран од Светската банка. Едновремено, Агенцијата побара од друштвата да изготват и да достават проекции за приходите, расходите и

надоместоците на друштвото за 10-годишниот период за кој им е доделено уверението за управување со пензиски фонд. Во текот на дискусиите, од страна на Агенцијата и консултантот беа предочени неколку клучни прашања кои друштвото мора да ги има во предвид при планирање на своите приходи и расходи, односно на надоместокот кој ќе го наплатува, имајќи ја во предвид оправданоста за нив и потребата од нивно преиспитување со можност за нивно намалување заради поголема заштеда и од аспект на градење доверба во системот во почетните години и поттикнување на развојот на капитално финансираното пензиско осигурување.

## III.5 Активности за информирање и едукација на јавноста во врска со реформата на пензискиот систем

*Јавна кампања*

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата е должна да ги информира граѓаните за нивните права, карактеристиките, предностите на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, за категориите осигуреници кои задолжително треба да се зачленат во пензиски фонд, за осигурениците кои можат да се зачленат по сопствен избор во пензиски фонд, факторите кои треба да се земат во предвид при одлучувањето дали осигуреник да се зачлени во пензиски фонд, роковите за избор на пензиски фонд при првото вработување и сл. Заради континуирано остварување на оваа цел, Агенцијата учествуваше во информативната и едукативна кампања координирана од Министерство за труд и социјална политика, а финансирана преку средствата од СПИЛ заемот. Целни групи на кампањата беа лицата кои по прв пат се вработиле во 2006 година, како и оние лица кои во периодот на зачленување во вториот столб биле невработени, а спаѓале во групата на доброволни членови, и кои во 2006 година повторно се вработиле.

*Активности со медиумите*

По завршувањето на заедничката кампања со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата продолжи да ја остварува својата законска обврска, преку објавување на огласи на различни теми и тоа: „Што значи времено распределен осигуреник?” ; „Распределба на осигуреници од страна на Агенцијата” ; „Што треба да знаете кога се зачленувате во пензиски фонд?” ; „Рок на избор три месеци” ; „Ако се предомислите - доставете поднесок” во печатените дневни и неделни медиуми. Поради ограничените финансиски средства за оваа намена, бројот на објави беше стеснет и акцент беше ставен на испраќање на редовни соопштенија до медиумите како и бесплатни интервјуа и гостувања во печатените и електронските медиуми.

*Повикувачки центар*

Во рамките на воспоставената услуга на повикувачки центар (“кол центар”) Агенцијата ја контактираше групата на осигуреници кои се зачлениле во пензиски фонд, а кои се на возраст над 45 години (жени) и 50 години (мажи), како и оние кои имаат над 15 години работен стаж, за кои преминувањето во двостолбниот пензиски

систем е неповолно. Агенцијата им укажа на овие лица што за нив би значело членувањето во двостолбниот пензиски систем при што им беше дадена можност да поднесат барања за раскинување на договорите за членство во пензиски фонд и со тоа можност да се вратат во системот на генерациска солидарност. Користејќи ја оваа услуга на повикувачки центар, Агенцијата контактираше група на осигуреници - членови на пензиските фондови, избрани по случаен избор, за да потврди дека тие доброволно се приклучиле кон вториот столб и дека доброволно и своерачно го потпишале договорот за членство. Официјалниот датум на истекување на договорот за работа на повикувачкиот центар беше 25.07.2006 година, но поради настанатата потреба за дополнителна комуникација со граѓаните фирмата која ја обезбедуваше оваа услуга имаше разбирање за продолжување на работата на центарот кој продолжи да се користи до 31.07.2006 година без дополнителна финансиска надокнада.

Повикувачкиот центар им беше на располагање на граѓаните како бесплатен телефонски број на кој можеа да се јават секој работен ден од 09 до 21 часот за се што ги интересира во врска со пензиската реформа, членувањето во вториот столб, правата и обврските што ги имаат како членови на вториот столб и сл. Во периодот на работата на повикувачкиот центар се јавиле вкупно 1780 граѓани. Од страна на агентите на центарот, пак, беа контактирани 982 лица кои склучиле договор со друштво за управување со пензиски фондови со цел проверка на валидноста на договорот, односно дали навистина секое од овие лица навистина склучило договор со соодветното друштво и со агентот наведен во договорот. Листата на контакти ја изготви Агенцијата по случаен избор од својата база на членови на вториот столб. Потоа 349 лица, членови на вториот столб беа контактирани заради проверка дали договорите за членство ги потпишало со агентот наведен во договорот. Најголемиот број на контактирани лица преку повикувачкиот центар – 1413 беше категоријата на осигуреници кои се зачлениле во пензиски фонд, а кои се на возраст над 45 години (жени) и 50 години (мажи), како и оние кои имаат над 15 години работен стаж.

По завршувањето на услугата од повикувачкиот центар, сите граѓани можеа да се обратат на телефоните на Агенцијата кои беа објавувани во сите огласи на Агенцијата и нагласени при сите интервјуа во медиумите.

### *Информирање на задолжителните членови кои во периодот на зачленување во пензиски фондови не избрале пензиски фонд*

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата времено ги распределува во пензиски фонд осигурениците кои не се зачлениле во еден од пензиските фондови, а биле обврзани на тоа. При распределбата на осигурениците во пензиските фондови Агенцијата обезбедува бројот на осигуреници да биде пропорционален со вкупната вредност на средствата на секој одделен пензиски фонд, на датумот утврдувен од страна на Агенцијата. Овие осигуреници имаат право три месеци по стапување во задолжително пензиско и инвалидско осигурување да потпишат договор за членство со пензиски фонд по сопствен избор, а доколку не потпишат договор остануваат членови на пензискиот фонд во кој биле распредлени од Агенцијата. Задолжителните членови кои во периодот на зачленување (20.09.2005 - 31.03.2006) не избрале пензиски фонд Агенцијата ги распределува по службена должност во еден од двата пензиски фонда. Согласно законските обврски Агенцијата, по писмен пат ги информира овие членови за пензискиот фонд во кој се распределни.

Во текот на 2006 година Агенцијата редовно ја спроведуваше оваа законска обврска за известување на задолжителните членови кои не потпишале договор и се

распределени по случаен избор во еден од пензиските фондови. За таа цел е развиено и софтверско решение за печатење на известувањата, а писмата се доставуваат на име на лицето, а на адреса на работодавецот, бидејќи тоа е единствен податок со кој располага Агенцијата, а е добиен од Фондот на ПИОМ. Заради појава на голем број лица за кои беа вратени писмата поради неточна адреса Агенцијата презеде активности за добивање на домашните адреси на овие лица од Министерството за внатрешни работи. Со тоа се овозможи информирање на членовите за нивните права и обврски. Така во 2006 година Агенцијата по писмен пат извести околу 17 000 трајно распределени членови на пензиските фондови.

Во контекст на редовно информирање на членовите, Агенцијата редовно ја ажурираше својата Веб страна со соопштенија и информации кои се однесуваат на членовите на вториот столб и нивните права.

## III. 6 Статистичка анализа

Во текот на 2006 година континуирано се вршеше статистичка анализа на задолжително капитално финансираното пензиско осигурување, односно функционирањето на друштвата и пензиските фондови. За таа цел редовно се изготвуваа и објавуваа месечни билтени, квартални статистички извештаи и годишен статистички извештај. Овие извештаи содржат податоци за дистрибуција на членството во пензиските фондови според нивниот статус (доброволни или задолжителни), старосна и полова структура на членството, уплатени придонеси во вториот столб, наплатени надоместоци и висина на нето средствата на пензиските фондови, вредност на нето средствата на пензиските фондови, вредност на сметководствените единици во пензиските фондови и структура на инвестициите на имотот на пензиските фондови.

## III.7 Учество на конференции и обука на стручниот кадар на Агенцијата

Вработените во Агенцијата имаа можност да го продолжат својот професионален тренинг преку учество во процесот на обуки и преку посета на конференции. Најголем дел од обуките беа организирани со помош на користење на средства од заемот СПИЛ на Светска банка.

### III.7.1*Обука во земјата*

- “Монетарната политика и банките во Република Македонија”, Скопје, март 2006 година. Организатор: Регионалниот центар за професионален развој и советување. Присутни: стручни соработници од Секторот за контрола на Агенцијата.
- Самитот за инвестирање и бизнис во Македонија, Скопје, април 2006 година. Присутни: директор и заменик директорот на Агенцијата
- Семинар “Анализа на биланс – од пракса”, Скопје, јуни 2006 година. Организатор: Економскиот факултет при Универзитетот во Љубљана. Присутни: стручни соработници од Секторот за контрола на Агенцијата

- Oracle Database 10*g*: Administration Workshop II, Скопје, септември 2006 година. Присутен: раководителот на одделението за ИТ на Агенцијта.
- Работилница за регулаторната рамка на Европската Унија за електронски комуникации и нејзина примена во Македонија, Охрид, септември 2006 година. Присутен: раководителот на правен сектор.
- Управување со човечки ресурси, Скопје, октомври-ноември, 2006 година. Обуката ја посетуваа: раководителот за секторот за административно-финансиски работи и ИТ и стручен соработник за нормативно-правни работи на Агенцијата.
- Тркалезната маса за "Усогласување на законите со Амандманот XX од Уставот на Република Македонија и Законот за прекршоци", Скопје, ноември 2006 година. Иницијатор: Министерство за Правда. Учесник од Агенцијата: раководителот на правен сектор.

### III.7.2 *Учество на <u>Тркалезна маса за третиот столб во Скопје</u>*

На 15 декември 2006 година, Агенцијата учествуваше на Тркалезната маса на тема: Воведување на третиот столб во Македонија и пренесување на искуството во дизајнирањето на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување во Република Бугарија. Целта на Тркалзената маса беше да му се помогне на македонскиот Управен комитет за трет столб при дизајнирањето на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување преку пренесување на искуствата од земји кои веќе го вовеле третиот столб, во овој случај Република Бугарија. Гости од Република Бугарија беа г-н Никола Абаџиев, претседател на Здружението на дополнителни друштва за управување со пензиски фондови на Република Бугарија и г-н Владислав Русев од Алианз Бугарија (приватен пензиски фонд). Гостите од Република Бугарија извршија презентација на моделот на третиот столб во Бугарија давајќи при тоа посебен осврт на дизајнот, правната рамка, фондовите, осигуренците, надоместоците и сл, по што следеше дискусија со членовите на Управниот комитет.

### III.7.3 *<u>Обука во странство и учество на конференции</u>*

- Прва меѓународна конференција: *Корпоративно управување и развој на пазарот на капитал*, Бања Вручица, Теслиќ, Република Српска, мај 2006 година. Директорот на Агенцијата учествуваше со свое излагање на тема „Реформата на пензискиот систем во Македонија". Учеството беше финансирано од организаторот.
- Девети форум за осигурување и реосигурување на ФИАР, Романија-област Синаја, мај 2006 година. Раководителот на правниот сектор на Агенцијата имаше презентација на тема: „Македонскиот пензиски пазар-супервизорски приод". Учеството беше финансирано од организаторот.
- Четврт меѓународен симпозиум на тема „Современите трендови во развојот на осигурителниот пазар", Врњачка Бања, Србија, јуни 2006 година. На симпозиумот учествуваше директорот на Агенцијата со свое излагање на тема „Осигурителниот пазар во Македонија и статусот на реформата на пензискиот систем во Македонија". Учеството беше финансирано од организаторот.

- Осумнеделна обука на тема *Корпоративно управување и акционерски права* на Универзитетот Висконсин во Ла Крос, САД**,** јуни-август 2006 година Програмата вклучуваше теми во врска со корпоративните финансии, портфолио, менаџментот и корпоративно управување. Обуката ја посетија: раководителот на одделението за финансика контрола и стручниот соработник за контрола на евидентирање и вреднување на средства во Агенцијата. Учеството беше финансирано од УСАИД.
- ИТ курсеви: OracleAS Discoverer 10*g*: Create Queries and Reports ; OracleAS Discoverer 10*g*: Develop an EUL OracleAS Discoverer 10*g*: Analyze Relational and OLAP Data Course Description, Република Грција, септември 2006 година. Учесници од Агенцијата: раководителот на секторот за истражување и раководителот на ИТ одделението. Учеството беше финансирано од СПИЛ заемот.
- Конференција на тема:"Развој на дополнителни пензии во ЕУ и предизвиците за земјите пристапнички кон ЕУ", Софија, Република Бугарија, октомври, 2006 година. Учесници од Агенцијата: раководителот на секторот за истражување и раководителот на правниот сектор. Учеството беше финансирано од СПИЛ заемот.
- Состанок на Техничкиот комитет и Генералното собрание на ИОПС, Истанбул, Република Турција. Учесници од Агенцијата: директорот и раководителот за секторот за административно-финансиски работи и ИТ. Учеството беше финансирано од СПИЛ заемот.

## III.8 Соработка со институции од земјата и од странство

### III.8.1 *Соработка со институции од земјата*

### *Потпишување на меморандуми за соработка со институции од земјата*

Согласно член 47 точка з) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата, заради обезбедување на ефикасна супервизија и регулатива, соработува со домашни и меѓународни регулаторни и супервизорски органи и институции од финансиската сфера во Република Македонија. Обемот, формата и содржина на соработката се уредува помеѓу институциите преку потпишување на меморандуми за соработка.

Од тие причини во јануари 2006 година Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Комисијата за хартии од вредност на РМ потпишаа Меморандум за соработка. Исто така, во март 2006 година Агенцијата потпиша Меморандум за соработка и со Македонска берза АД Скопје и Централниот депозитар на хартии од вредност на РМ.

### *Соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија*

Агенцијата ја продолжи и продлабочи соработката и со други институции преку кои може да се дојде до целната групата на граѓани. При тоа во Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на РМ беа поставени огласи на Агенцијата со важни информации за сите нововработени осигуреници. Исто така преку оваа соработка им беше овозможено на двете друштва за управување со

пензиски фондови да постават свои рекламни материјали во Центрите за вработување на Агенцијата кои ќе бидат достапни за лицата кои се вработуваат.

*Советување за Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување организирано за судии*

Имајќи во предвид дека Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување е основа за постапки кои се водат, како во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, така и пред надлежните судови, а реформираниот пензиски систем има значајни новини, беше оценето дека од голема корист е поголема едуцираност на судовите пред кои се водат и ќе се водат постапки кои директно влијаат на остварувањето на едно од уставните права на граѓаните за социјална сигурност односно правото на пензија. За таа цел се одржа советување на тема "Заштита на правата на членовите на пензиските фондови" кое се одржа во декември 2006 год во Охрид. На советувањето беа опфатени следниве поттеми: "Реформираниот пензиски систем во Македонија со посебен осврт на вториот пензиски столб"; "Улогата на друштвата за управување со пензиски фондови" и "Агентите во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување". Учесници на советувањето беа 12 судии од Основите судови Скопје 1 и 2 кои работат на прекршочна и граѓанска материја.

На советувањето освен темите кои беа дел од агендата, беше отворена дискусија за понатамошна соработка меѓу судиите и одговорните лица од Агенцијата во врска со претстојните измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување заради усогласување со Законот за прекршоци. Оваа средба беше финансирана од средства на СПИЛ заемот.

III.8.2 *Соработка со институции од странство*

Во рамките на воспоставената соработката со Комисијата за финансиска супервизија на Република Бугарија, беше организирана посета на претставници на Агенцијата во Комисијата. Работната посета беше организирана со цел да се стекне искуство во вршење на контрола преку начинот и постапката на спроведување на теренска контрола од страна на бугарската Комисија за финансиска супервизија. Од работната посета, тимот на Агенцијата можеше да го согледа следново:

- Редовна теренска супервизија се извршува еднаш за период од една година или во ретки случаеви за период од година и пол;
- Контролата се врши врз едно друштво и трите фонда со кои управува друштвото;
- Тимот за контрола на Комисијата е составен од 6 (шест) лица и тоа од 4 (четири) економисти, (1) еден правник и (1) еден актуар;
- Контролата временски најмногу се одвива на лице место во друштвото или фондот и трае околу 1 месец;
- Записникот од контролата се составува на лице место и се предава најдоцна една недела по завршувањето на контролата;
- КФС има изработено методологија за спроведување на теренска супервизија која е предмет на ревизија секоја година;
- Се контактира раководството, ако треба се прави најава на контролата;
- Направена е тимска подвоеност на лицата кои вршат теренска и вонтеренска супервизија, со што се овозможува објективно и независно мислење на работењето на друштвото кое е предмет на контрола;

- При контролата на чуварот на имотот на пензиските фондови , согласно законските барања се формира комбиниран тим со Централната банка на Република Бугарија и контролата на чуварот на имот се одвива одвоено од контролата на друштвата и фондовите;
- Теренска контрола на проценката на средствата повеќе не мора да се прави затоа што секој ден се спроведува при вршење на теренската контрола.

Оваа посета беше реализирана пред Агенцијата да ја започне теренската контрола на друштвата за управување со пензиски фондови.

## IV. Други активности

- Имајќи во предвид дека една од основните задачи на Агенцијата е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови, во текот на 2006 година голем акцент беше даден на разрешување на појавените проблеми со членството на барање на самите членови или друштвата, а во соработка со Фондот на ПИОМ. Тука спаѓаат членови чии договори се раскинуваат бидејќи при склучувањето биле доведени во заблуда, а за кои членувањето во двостолбен систем е неповолно; задолжителни членови кои не биле распределени или лица кои биле распределени, а не требало; членови чии договори не можеле да се внесат заради одредени технички проблеми или неажурна евиденцијата; корекции и ажурирање во евиденцијата на членови согласно барањата на друштвата итн.
- Во рамките на надлежностите на Агенцијата спаѓа и организирањето испит за стекнување својство агент. Во текот на 2006 година беше извршено ажурирање на Програмата за полагање на испит, која Агенцијата ја подготви во 2005 година, со новонастанатите промени во системот, како и согласно измените и дополнувањата на Законот со истакнување на најзначајните прашања кои еден агент треба да ги знае со цел правилно и точно информирање на потенцијалните членови. Испитот беше организиран во четри испитни сесии: април, јули, септември и декември. Вкупниот број пријавени кадидати за четрите сесии изнесуваше 149, од кои 130 го полагаа испитот, додека истиот го положија 76 кандидати. Степенот на успешност за четрите испитни сесии изнесуваше 58.5%. Во Регистарот на агенти што го води Агенцијата во 2006 година беа регистрирани вкупно 75 нови агенти.
- Во текот на 2006 година Агенцијата учествуваше во работата на Советот за имплементација на реформата на пензискиот систем и Работната група формирани од Министерството за труд и социјална политика. На средбите на овие тела се разгледуваа актуелните проблеми и отворените прашања кај секоја од институциите вклучени во пензиската реформа, со цел поголема координација, надминување на проблемите и ефикасна имплементација на капитално финансираното пензиско осигурување.
- Како заокружување на процесот на реформата на пензискиот систем, кон крајот на 2006 година од Министерството за труд и социјална политика беше формиран Управен комитет за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување чија задача е изготвување на предлог дизајн за третиот столб, како и подготовка на соодветна законска регулатива, врз основа на своите истржувања и искуствата од други релевантни земји, а во соработка со странски консултанти. Во текот на работата на Комитетот континуирано и интензивно учествуваа и претставници од Агенцијата.

## V. *Состојби во капитално финансираното пензиско осигурување*

Во 2000 година поставени се основите на вкупниот пензиски систем како тростолбен пензиски систем кој е дел од социјалното осигурување. Првиот столб го претставува осигурувањето врз основа на генерациска солидарност. Вториот столб претставува задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Третиот столб ќе претставува доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Пензискиот систем на Република Македонија е уреден со Законот за пензиското и инвалидското осигурување (“Службен весник на РМ” бр. 80/93, 3/94, 14/95, 32/96, 24/00, 96/00, 5/01, 50/01, 85/03, 40/04, 5/05, 101/05 и 20/06 ), Законот за задожително капитално финансирано пензиско осигурување (“Службен весник на РМ” бр. 29/02, 85/03, 40/04 и 113/05) и подзаконските акти кои ја доразработуваат соодветната област.

Надлежни институции за предлагање на законски и донесување на подзаконски акти се Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Министерството за труд и социјална политика е креатор на пензиската политика, Фондот на ПИОМ врши спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, вклучително и наплата на придонесите за двата столба и нивна распределба меѓу првиот и вториот столб, додека Агенцијата врши супервизија на работењето на друштвата и пензиските фондови, како и заштита на интересите на членовите. Во првите пет години од функционирањето на системот значајна улога во вториот столб има и Народната банка на Република Македонија како чувар на средствата на пензиските фондови.

Во рамките на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување доделени се дозволи на две друштва за управување со пензиски фондови, кои управуваат со по еден пензиски фонд и имаат одобренија за управување со пензиски фонд за период од 10 години. Тоа се Акционерско друштво за управување со пензиски фондови НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД Скопје, кое управува со НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД – Отворен пензиски фонд и КБ Прво друштво за управување со пензиски фондови АД Скопје кое управува со КБ Прв отворен пензиски фонд – Скопје. Основачи на НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД АД Скопје се Нова Љубљанска банка ДД Љубљана, Република Словенија, која учествува со 51% во капиталот на друштвото и НЛБ Тутунска банка АД Скопје, Република Македонија, која учествува со 49%. Основачкиот капитал на друштвото изнесува 2 милиони евра. Основачи на КБ Прво друштво за управување со пензиски фондови АД Скопје се Прва покојнинска дружба ДД Љубљана, Република Словенија, која учествува со 51% во капиталот на друштвото и Комерцијална банка АД Скопје, Република Македонија, која учествува со 49% во капиталот. Основачкиот капитал на друштвото изнесува 1.5 милиони евра.

Друштвата за управување со пензиски фондови започнаа со работа во јуни 2005г. преку почетокот на работите на маркетингот, при што започнаа софтверската подготовка, набавка на потребна опрема и ангажирање на човечки ресурси, а од септември 2005 г. започна склучувањето на договори за членство. Според законот, сите осигуреници вработени за прв пат по 1 јануари 2003 година се задолжителни членови на двостолбниот систем, додека осигурениците вработени за прв пат пред 1.1.2003 година имаа право на доброволен избор за влез во двостолбниот систем.

На 31 декември 2005 година заврши зачленувањето на доброволните членови, додека процесот на зачленување на задолжителни членови продолжи да се одвива

согласно законските рокови за избор на пензиски фонд и зачленување, така што во текот на 2006 година во најголема мера се одвиваше зачленување на задолжителни членови. По исклучок, доброволните членови кои во текот на периодот за избор на пензиски фонд (20.09.2005 г. до 31.12.2005 г.) не работеле, можат да потпишат договор за членство по нивното повторно вработување. Задолжителните членови кои не потпишале договор за членство во текот на периодот на избор на пензиски фонд, по истекот на тој рок остануваат членови на пензискиот фонд во кој биле распределени од страна на Агенцијата и Фондот на ПИОМ според методата на случаен избор. Може да се забележи дека околу 50% од новоработени лица во текот на 2006 година потпишале договор, додека останатите 50% не потпишале договор и останале во фондот каде биле распределени од страна на Агенцијата и Фондот на ПИОМ.

Структурата на членови по пензиски фондови и по статус со состојба 31.12.2006 г. е следна:

| **Пензиски фонд** | **Доброволни** | **Задолжителни** | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Со договор** | **Распределени** | **Времено распределени** | **Вкупно** | |
| НПФ | 27.638 | 22.205 | 8.437 | 3.127 | 33.769 | 61.407 |
| КБ Прв | 32.835 | 21.292 | 8.770 | 3.727 | 33.789 | 66.624 |
| **ВКУПНО** | **60.473** | **43.497** | **17.207** | **6.854** | **67.558** | **128.031** |

Вкупниот број на членови и времено распределени членови во пензиските фондови заклучно со 31 декември 2006 година изнесува128.031. Од нив 60.473 или 47.2% се доброволни членови, додека 67.558 или 52.8% се задолжителни членови. Од задолжителните членови 43.497 члена потпишале договор за членство, 17.207 немаат потпишано договор и се распределени од страна на Агенцијата, а 6.854 се времено распределени од Агенцијата со цел инвестирање на нивните средства веднаш по вработувањето, но за нив се уште не е истечен рокот за избор на пензиски фонд и тие можат да потпишат договор.

Уплатата на придонесите во вториот столб започна со платата за јануари 2006 година и во текот на 2006 година беа уплатени вкупно 1,325 милиони денари. Друштвата веднаш започнаа со инвестирање на средствата на пензиските фондови. Во следната табела се прикажани придонесите уплатени во вториот столб, наплатени надоместоци и висина на нето средствата на пензиските фондови (во милиони денари) по месеци. Придонесите и надоместоците се дадени на месечна основа, додека нето средствата се дадени во кумулативен износ на крајот на месецот.

| | **НПФ** | | | **КБ Прв** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на** | **Придонеси** | **Надоместоци** | **Нето средства** | **Придонеси** | **Надоместоци** | **Нето средства** |
| 01.2006 | 0,88 | 0,07 | 0,80 | 1,24 | 0,10 | 1,13 |
| 02.2006 | 30,93 | 2,64 | 29,15 | 40,22 | 3,43 | 38,00 |
| 03.2006 | 46,60 | 3,99 | 72,05 | 58,41 | 5,00 | 91,73 |
| 04.2006 | 47,37 | 4,07 | 115,82 | 57,99 | 4,99 | 145,27 |
| 05.2006 | 54,17 | 4,67 | 165,65 | 67,37 | 5,81 | 207,88 |
| 06.2006 | 53,56 | 4,65 | 216,16 | 67,51 | 5,86 | 271,34 |
| 07.2006 | 56,43 | 4,92 | 268,78 | 69,22 | 6,03 | 334,88 |
| 08.2006 | 52,30 | 4,59 | 319,40 | 64,69 | 5,68 | 396,69 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 09.2006 | 53,53 | 4,72 | 370,69 | 65,71 | 5,80 | 458,75 |
| 10.2006 | 53,81 | 4,77 | 421,80 | 64,23 | 5,71 | 521,05 |
| 11.2006 | 57,71 | 5,54 | 472,27 | 69,88 | 6,74 | 587,77 |
| 12.2006 | 89,27 | 7,44 | 557,12 | 102,30 | 8,49 | 684,42 |
| **Вкупно** | **596,54** | **52,07** | **557,12** | **728,76** | **63,64** | **684,42** |

Движењето на вредноста на сметководствените единици на пензиските фондови е дадено во следниот преглед:

| Датум | Вредност на сметковод. единица | |
|---|---|---|
| | НПФ | КБ Прв |
| 31.01.2006 | 100,000000 | 100,000000 |
| 31.03.2006 | 100,958849 | 100,889807 |
| 30.06.2006 | 102,605429 | 102,530942 |
| 30.09.2006 | 105,292089 | 104,422759 |
| 31.12.2006 | 105,929336 | 106,265900 |




Приносот на пензиските фондови за периодот од 01.01.2006 година до 31.12.2006 година изнесува:

| Отворен пензиски фонд Нов пензиски фонд – Скопје | КБ Прв отворен пензиски фонд - Скопје |
|---|---|
| 5,93% | 6,27% |

Приносот на пензискиот фонд е променлив и не значи дека приносите од изминатиот период ќе се остварат и во иднина. Приносот на индивидуалната сметка зависи од приносот на пензискиот фонд и од надоместоците наплатени од друштвото.

Надоместоци кои ги наплаќаат друштвата за управување со пензиски фондови се следните:

| Вид на надомест | Акционерско друштво за управување со пензиски фондови НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД - Скопје | КБ Прво друштво за управување со пензиски фондови - Скопје |
|---|---|---|
| Надомест од придонес | 8,5% | 8,5% |
| Месечен надомест од вредноста на нето средствата на пензискиот фонд | 0,05% | 0,05% |
| Надомест за премин | дополнително ќе биде | дополнително ќе биде |

| | | |
|---|---|---|
| | утврден | утврден |

Брокерски провизии кои се наплаќаат од средствата на пензискиот фонд:

| НПФ | | | КБ ПРв | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Брокерско друштво | Тип на инструмент | | Брокерско друштво | Тип на инструмент | |
| | Акции | Обврзници | | Акции | Обврзници |
| Тутунска Брокер АД Скопје | 0,09% | 0,09% | Комерцијална банка АД Скопје | 0,08% | 0,08% |
| Алта Виста Брокер АД Скопје | | 0,09% | Фершпед брокер Ад Скопје | 0,09% | 0,09% |
| | | | | | |

Брокерските провизии се пресметуваат како процент од вредноста на секоја склучена трансакција. Покрај ова, од средствата на пензискиот фонд, за секоја склучена трансакција, се наплатуваат и провизии за Македонска берза и Централен депозитар за хартии од вредност.

Структура на инвестициите на имотот на пензиските фондови (во милиони денари) е дадена во следната табела:

| Вид имот | НПФ | | | | КБ Прв | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30.06.2006 | | 31.12.2006 | | 30.06.2006 | | 31.12.2006 | |
| | Вредност | Процент | Вредност | Процент | Вредност | Процент | Вредност | Процент |
| Акции од странски издавачи | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% |
| Обврзници од странски издавачи | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% |
| Инвестициони фондови од странски издавачи | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% |
| Краткорочни хартии од странски издавачи | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% |
| Акции од домашни издавачи | 4,90 | 2,23% | 27,84 | 4,98% | 4,89 | 1,75% | 19,45 | 2,83% |
| Обврзници од домашни издавачи | 154,73 | 70,37% | 376,64 | 67,34% | 182,67 | 65,36% | 525,28 | 76,46% |
| Инвестициони фондови од домашни издавачи | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% |
| Краткорочки хартии од домашни издавачи | 29,84 | 13,57% | 73,75 | 13,19% | 20,76 | 7,43% | 11,89 | 1,73% |
| Вкупно вложувања во хартии од вредност / | 189,46 | 86,17% | 478,23 | 85,50% | 208,33 | 74,54% | 556,62 | 81,02% |
| Депозити | 30,28 | 13,77% | 81,00 | 14,48% | 71,04 | 25,42% | 130,17 | 18,95% |
| Парични средства | 0,06 | 0,03% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% |
| Побарувања | 0,08 | 0,04% | 0,08 | 0,01% | 0,13 | 0,05% | 0,22 | 0,03% |
| Вкупно средства | 219,88 | 100,00% | 559,32 | 100,00% | 279,50 | 100,00% | 687,01 | 100,00% |
| Вкупно обврски | 3,72 | 1,69% | 2,19 | 0,39% | 8,16 | 2,92% | 2,60 | 0,38% |
| Нето средства | 216,16 | 98,31% | 557,12 | 99,61% | 271,34 | 97,08% | 684,42 | 99,62% |

Обврзниците од домашни издавачи вклучуваат:

- државна континуирана обврзница
- државна обврзница за денационализација
- државна обврзница за старо девизно штедење

Краткорочните хартии од домашни издавачи вклучуваат:

- државен запис 3- месечен
- државен запис 6- месечен
- државен запис 12-месечен

Структурата на инвестициите по фондови, квартално е дадена во следните графикони:

**Структура на инвестициите на НПФ**

**31.03.2006**




**Структура на инвестициите на КБ Прв**

**31.03.2006**




**30.06.2006**




**30.06.2006**




**30.09.2006**




**30.09.2006**




**31.12.2006**

**31.12.2006**


Парични средства / Cash 0.00%
Побарувања / Receivables 0,01%
Акции од домашни издавачи / Shares of domestic issuers 4,98%
Депозити / Deposits 14,48%
Краткорочни хартии од домашни издавачи / Short term Securities of Domestic Issuers 13,19%
Обврзници од домашни издавачи / Bonds of Domestic Issuers 67,34%


Парични средства / Cash 0,00%
Побарувања / Receivables 0,03%
Акции од домашни издавачи / Shares of domestic issuers 2,83%
Депозити / Deposits 18,95%
Краткорочни хартии од домашни издавачи / Short term Securities of Domestic Issuers 1,73%
Обврзници од домашни издавачи / Bonds of Domestic Issuers 76,46%

## VI. Оценка на 2006 година и планови за 2007 година

Изминатата 2006 година се покажа како мошне активна за Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Поставените цели беа максимално постигнати со задоволителен успех, но она што станува како најголема потешкотија е намалениот капацитет на стручен кадар кој се провлекува во континуитет од самите почетоци на работењето на Агенцијата.

Имено, од своето основање Агенцијата потешко се справува со обезбедување на редовни вработувања на својот кадар, така и 2006 година ја заврши со 8 редовно вработени и 8 договорно ангажирани лица. Во периодот на своето градење, пред се како институција и како регулаторно и супервизорско тело, Агенцијата во голема мера се потпираше на лица ангажирани со договор на дело, токму поради причината што Министерството за финансии не издаде согласност за редовни вработување и покрај бројните барања и известувања укажувајќи дека станува збор за млада институција која се уште го создава својот капацитет. Агенцијата и преку ресорното Министерство за труд и социјална политика до Владата на РМ неколку пати се обраќаше за проблемот со вработувањата и можноста за одлив на стручен кадар во кој се вложува, кој се обучува и усовршува во област која е доста стручна и специфична и за која нема обучени кадри на пазарот на труд. Имено, според процедурите на еден од најголемите и клучни извори за финансирање на обуките – проектот на Светската банка СПИЛ, договорно ангажираните лица не можат да бидат вклучени во тренинг програмите. Поради тоа Агенцијата го пропушта времето предвидено за изградба на капацитетот, додека договорно вработените лица губат интерес за продолжување на нивниот работен ангажман во Агенцијата. Така, во 2006 година две од договорно ангажираните лица ја напуштија Агенцијата. Заради специфичноста на функцијата на Агенцијата, секој одлив на кадри е мошне ризичен, бидејќи во моментот на одливот, овие кадри тешко се заменуваат со нов стручен кадар кој би бил способен веднаш да ја преземе работата во Агенцијата.

Наспроти оваа состојба, неопходно е да се нагласи супервизорската улога и секојдневните задачи на Агенцијата во смисла на заштита на средствата и интересите на членовите на пензиските фондови во рамките на задолжителното пензиско осигурување. Дополнително на ова, треба да се има во предвид и амбициозната агенда во врска со воведувањето на третиот столб поставена од Владата на Република Македонија, во која Агенцијата има изразено учество. Намалениот капацитет на човечки ресурси би значел голема закана за квалитетно и навремено изаршување на законските обврски.

Како клучен момент во сето ова е и фактот што од јуни 2006 година Агенцијата започна целосно да се финансира од сопствени приходи, односно од надоместокот кој го наплаќа од друштвата за управување со пензиски фондови, со што не е на товар на средства обезбедни од Буџетот на Република Македонија. Самофинансирањето би требало да резултира во олеснување на процесот на вработување на привремено ангажираниот кадар и адекватна екипираност на институцијата.

Во 2007 година Агенцијата продолжува со забрзано темпо кон остварување на нови цели и подобрување на своето тековно работење но и капитално финансираното пензиско осигурување. Планирани се следниве активности:

- Обезбедување на согласност од Министерството за финансии за вработување на 9 лица согласно планираната динамика и буџет на Агенцијата за 2007 година;

- Супервизија на друштвата за управување со пензиски фондови: редовна вонтеренска и теренска супервизија
- Работа на нови подзаконски акти и подобрување на постојните, како и учество во измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување
- Натамошен развој на деловните процеси на Агенцијата (ажурирање, утврдување, финализирање)
- Финализирање и унапредување на софтверските решенија на деловните процеси во соработка со софтверската куќа
- Дополнување и измена на постојните модули и креирање на софтверски решенија согласно промените во регулативата и деловните процеси по започнувањето на имплементацијата на вториот столб
- Статистичка анализа на задолжително капитално финансираното пензиско осигурување односно функционирањето на друштвата и пензиските фондови врз основа на статистичкото и аналитичкото известување
- Анализа на трошоците на системот со цел нивно рационализирање
- Продолжување на воспоставената соработка со институциите во земјата и во странство како и склучување на нови договори за соработка со домашни и странски институции
- Зачленување во Меѓународната организација на супервизори на пензиски фондови (ИОПС)
- Кампања за информирање на јавноста за вториот столб на пензискиот систем особено за правото на премин на членовите на пензиските фондови од еден во друг пензиски фонд
- Учество во кампања за информирање на јавностаза третиот столб на пензискиот систем
- Учество во подготовка на дизајн и имплементација на трет столб
- Подговотвка на Агенцијата како регулаторно и супервизорско тело на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб)
    - Подзаконски акти
    - Дополнување на деловните процеси на Агенцијата
    - ИТ поддршка и опременост
    - Обука на кадар во областа на супервизија на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување
- Учество во подготовка на закон за исплата на пензии од капитално финансирано пензиско осигурување.
- Континуирана обука на кадарот на Агенцијата финансирана преку СПИЛ заемот и донации на УСАИД:
    - Посета на регионални семинари од областа на пензиските реформи
    - Посета на семинари за меѓународни пазари на капитал, вреднување на средствата на пензиските фондови, сметководство на пензиските фондови

- Локални семинари за законски решенија од области кои се поврзани или влијаат на работењето на Агенцијата и/или на друштвата за управување со пензиски фондови
- Обука од областа на информатичката технологија во согласност со софтверските и хардверските решенија применети во Агенцијата
- Организирање на студиски патувања во супервизорски агенции и институции од областа на капитално финансирано пензиско осигурување од регионот и пошироко, односно во земји каде се практикува капитално финансираното пензиско осигурување.

*  *
*

Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 21 јуни 2007г. го усвои Извештајот за работењето на Агенцијата за 2006 година.

Бр. 01-1051/7
21 јуни 2007г.
С к о п ј е

| Директор , | Претседател на Управниот одбор, |
|---|---|
| Зорица Апостолска, с.р | Анета Димовска, с.р |